Уп. бр.08-13

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Опен Пас Лимитед, со регистрирано седиште на 53 канцеларија 2, Сир Адриан Дингли Стрит, Слиема Слм 1902, Малта, преку полномошник Методија Велков, Адвокат во Адвокатско Друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 31.01.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Опен Пас Лимитед, со регистрирано седиште на 53 канцеларија 2, Сир Адриан Дингли Стрит, Слиема Слм 1902, Малта, стекнува контрола над друштвото Групација Фортенова МидКо Б.В. со регистрирано седиште на Херикербергвер 238, Лунан Арена, 1101 ЦМ Амстердам, Постбус 23393, 1100ДВ Амстердам, Холандија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 15.12.2023 година, а дополнето на 26.12.2023, 28.12.2023 и 12.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Опен Пас Лимитед, со регистрирано седиште на 53 канцеларија 2, Сир Адриан Дингли Стрит, Слиема Слм 1902, Малта, (во понатамошниот текст: Опен Пас) со која Опен Пас стекнува контрола над друштвото Групација Фортенова МидКо Б.В. со регистирано седиште на Херикербергвер 238, Лунан Арена, 1101 ЦМ Амстердам, Постбус 23393, 1100ДВ Амстердам, Холандија (во понатамошниот текст: Фортенова), по пат на купување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Опен Пас** врши дејност на холдинг друштво и истото нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија, ниту пак генерира приход од обезбедување на стоки и услуги на потрошувачи на територијата на Република Северна Македонија.

**Фортенова** е холдинг друштво преку кое се одржува деловниот потфат на Фортенова Групацијата, која се состои од деловните активности на ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д., со регистрирано седиште на ул. Маријана Чавича бр.1, Загреб, Хрватска (и неговите поврзани друштва ("Фортенова Групацијата").

Фортенова Групацијата е активна во повеќе различни сектори и ги врши своите активности преку голем број поврзани друштва, од кои секое работи под различен бренд. Примарната дејност на Фортенова Групацијата е претежно производство и снабдување со храна и пијалоци, како и на малопродажба на намирници/дневни производи за потрошувачка. Работи на три основни бизнис сегменти (i) земјоделски сегмент, кој ги опфаќа активностите на Фортенова Групацијата во производството на житни култури, масни култури, сирење, свежо овошје и зеленчук, како и работењето на сточарски фарми;

(ii) сегментот за производство и снабдување со храна, кој вклучува производство и снабдување со минерална вода, месо, масло, маргарин и мајонез; и (iii) сегментот на малопродажба, кој опфаќа снабдување на мало и големо со намирници/дневни производи за широка потрошувачка.  Во ограничен обем, се занимава и со разни, помошни активности, имено во секторите на енергија и недвижности.

Во Република Северна Македонија, Фортенова Групацијата во суштина снабдува, преку дистрибутери на трети лица, некои прехранбени производи, производи за општа потрошувачка и пијалоци (вклучувајќи масла за јадење, свежо и преработено месо, зачини и ладни сосови, сирење, растителни масти, безалкохолни пијалоци и какао - пијалоци на база).

Мерцатор МК е зависно друштво на Фортенова Групацијата регистрирано во Република Северна Македонија. Регистрираната приоритетна дејност на Мерцатор МК е трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна пијалаци и тутун, но повеќе не е комерцијално активно и е во постапка за ликвидација.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**